# Службен весник на Република Македонија

Број 60 | 3 април 2018, вторник | година LXXIV

www.slvesnik.com.mk | contact@slvesnik.com.mk

## СОДРЖИНА

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1102. | **Одлука** за формирање на Национално координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област................ | 2 |
| 1103. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.................................................. | 3 |
| 1104. | **Одлука** за пренесување право на сопственост на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.................................... | 3 |
| 1105. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите............... | 4 |
| 1106. | **Одлука** за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „EFES 18“, во Република Турција............................................. | 4 |
| 1107. | **Одлука** за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната ктивност „BALKAN RESPONSE 18“, во Република Србија........................ | 5 |
| 1108. | **Одлука** за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „VIKING 18“, во Кралство Шведска, Република Србија и Република Ирска............................... | 5 |
| 1109. | **Одлука** за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „MILEX 18“, во Кралство Шпанија............................................ | 5 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1110. | **Одлука** за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „JWA”, во Сојузна Република Германија.................................. | 6 |
| 1111. | **Решение** за именување на членови на Националното координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област..................................................... | 6 |
| 1112. | **Решение** за изменување и дополнување на Решението за именување на членови на интер–ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите................................................ | 7 |
| 1113. | **Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.... | 7 |
| 1114. | **Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија............ | 10 |
| | **Огласен дел**...................................... | 1-68 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1102.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.3.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ СО НЕДИСКРИМИНАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ЗАКОНИТЕ, ПОДЗАКОНСКИТЕ АКТИ И СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ ВО ОВАА ОБЛАСТ

Член 1

Со оваа одлука се формира Национално координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област.

Член 2

1. Национално координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област е составено од 36 члена, претставници на државни институции, единици на локална самоуправа, здруженија, синдикати, здруженија на работодавачи, независни експерти, и тоа:

- Министерство за труд и социјална политика (шест члена);
- Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија (еден член);
- Министерство за правда (еден член);
- Министерство за здравство (еден член);
- Министерство за образование и наука (еден член);
- Министерство за информатичко општество и администрација (еден член);
- Министерство за транспорт и врски (еден член);
- Министерство за внатрешни работи (еден член);
- Миистерство за финансии (еден член);
- Секретаријат за европски прашања (еден член);
- Агенција за остварување на правата на заедниците (еден член);
- Агенција за млади и спорт (еден член);
- Агенција за вработување на Република Македонија (еден член);
- Комисија за заштита од дискриминација (еден член);
- Народен правобранител на Република Македонија (еден член);
- Организацијата на работодавачи на Македонија (еден член);
- Сојузот на синдикати на Македонија (еден член);
- Заедницата на единиците на локалната самоуправа (еден член);
- Коалицијата „Маргини“ (еден член);
- Хелсиншки Комитет (еден член);
- НВО Хера (еден член);
- Мрежата за недискриминација (два члена);
- Македонско здружение на млади правници (два члена);
- НВО Полио Плус (еден член);
- Институт за човекови права (два члена);
- Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите- Месечина (еден член);
- НВО Субверзивен фронт (еден член);
- Независен експерт истакнат во областа на човекови права како постојан член (еден член).

2. Во работата на Националното координативно тело ќе бидат вклучени и надворешни експерти и претставници од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, од Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права во Скопје и од Канцеларијата на Делегацијата на Европската Унија во Скопје и други независни експерти.

Член 3

Работата на Координативното тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област ја координира Министерството за труд и социјална политика.

Административно техничките работи на Координативното тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област ќе ги врши Министерството за труд и социјална политика.

Член 4

Координативното тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област ги има следните задачи:

- да го промовира концептот за еднаквост и недискриминација во генералните политики на сите јавни институции преку предлагање на мерки на годишно ниво;
- да ја следи интеграцијата на концептот во секторските политики во соработка со социјалните партнери и институциите од поединечните области;
- да го следи прогресот на хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската Унија и европските стандарди од областа на недискриминацијата;
- да учествува во подготовката и дава насоки во процесот на подготовка на Стратегијата за еднаквост и недискриминација;
- да ги следи периодичните извештаи од државните институции.
- да ја следи реализацијата на законските, подзаконски и други стратешки документи од областа на недискриминацијата;
- да ги следи препораките на меѓународната заедница во областа на недискриминацијата и да утврдува приоритети на годишно ниво во оваа област.

Член 5

Координативното тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област за својата работа донесува деловник во кој се утврдува начинот на работа.

Член 6

Координативното тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област ја информира Владата на Република Македонија за својата работа еднаш годишно.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-2316/1
27 март 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

**1103.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.3.2018 година донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерство за финансии му престанува користењето на движната ствар со следните карактеристики:

- патничко моторно возило,
- марка: Mercedes,
- модел: S-400,
- година на производство: 2001,
- број на мотор: 62896040005215,
- број на шасија: WDB2201281A209961,
- сила на мотор (kw): 184,
- работна зафатнина на моторот (cm3): 3996
- боја на каросерија: темна сина 99 и
- инветарен број: 11087.

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење, без надоместок на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

Член 3

Министерот за финансии склучува договор со генералниот секретар на Владата на Република Македонија, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од членот 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-2703/1
27 март 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

__________

**1104.**

Врз основа на член 87 став (5) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.3.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА – СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, се пренесува право на сопственост на градежно земјиште сопственост на Република Македонија со вкупна површина од 2.335 м2, наменето за изградба на објекти предвидени со Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Македонија за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/18), кое претставува:

- КП бр.1734/152, КО Кисела Вода 2, со површина од 2.235 м2, запишана во Имотен лист бр.108680;
- КП бр.1734/153, КО Кисела Вода 2, со површина од 5 м2, запишана во Имотен лист бр.108680;
- КП бр.1734/154, КО Кисела Вода 2, со површина од 87 м2, запишана во Имотен лист бр.108680 и
- КП бр.1734/155, КО Кисела Вода 2, со површина од 8 м2, запишана во Имотен лист бр.108680,

согласно Извод од Детален урбанистички план: Измена и дополна на ДУП во рамките на една градежна парцела локалитет Реонски центар УЕ А Блок 1 и 2, издаден од општина Аеродром, донесен со Одлука бр.07-396/3 од 29.12.2011 година, заради изградба на објект со намена А2 – Домување во станбени згради.

Член 2

Правото на сопственост на градежното земјиште од член 1 на оваа одлука се пренесува без надоместок.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-2757/1 Заменик на претседателот
27 март 2018 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**1105.**

Врз основа на член 10 став (6) од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/12, 166/14 и 150/15) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.3.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ИНТЕР-РЕСОРСКА КОНСУЛТАТИВНА И СОВЕТОДАВНА ГРУПА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ**

Член 1

Во Одлуката за формирање на интер – ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр.114/17), во членот 2 во воведната реченица бројот „23“ се заменува со бројот „26“.

Алинејата 21 се менува и гласи:

„- Експерти за родова еднаквост“.

По алинејата 21 се додава нова алинеја 22, која гласи:

„- Работната група за родова еднаквост во спортот-ТАКТ“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија “.

Бр.44-2844/1 Заменик на претседателот
27 март 2018 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**1106.**

Врз основа на член 41, став 2 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.3.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО ВЕЖБОВНАТА АКТИВНОСТ „EFES 18“, ВО РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА**

1. За учество во вежбовната активност „EFES 18“, (во натамошниот текст: вежбовната активност), која ќе се одржи во Република Турција во периодот од 10 април до 11 мај 2018 година, се испраќаат 40 (четириесет) припадници на Армијата на Република Македонија.

2. Финансиските трошоци за сместување и исхрана на припадниците на Армијата ги обезбедува Република Турција, а финансиските трошоци за транспорт и дневниците за службено патување, ги обезбедува Министерството за одбрана.

3. Подготовките и организацијата на припадниците на Армијата, ќе ги изврши Министерството за одбрана.

4. По завршувањето на вежбовната активност, Министерството за одбрана поднесува извештај пред Владата на Република Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-2987/1 
27 март 2018 година 
Скопје

Заменик на претседателот 
на Владата на Република 
Македонија, 
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**1107.**

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.3.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО ВЕЖБОВНАТА АКТИВНОСТ „BALKAN RESPONSE 18“, ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА**

1. За учество во вежбовната активност „BALKAN RESPONSE 18“, (во натамошниот текст: вежбовната активност), која ќе се одржи во Република Србија во периодот од 20-26 мај 2018 година, се испраќаат 12 (дванаесет) припадници на Армијата на Република Македонија.

2. Финансиските трошоци за транспорт, сместување, исхрана и дневници за службено патување на припадниците на Армијата ги обезбедува Министерството за одбрана.

3. Подготовките и организацијата на припадниците на Армијата, ќе ги изврши Министерството за одбрана.

4. По завршувањето на вежбовната активност, Министерството за одбрана поднесува извештај пред Владата на Република Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.44-2989/1 
27 март 2018 година 
Скопје

Заменик на претседателот 
на Владата на Република 
Македонија, 
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**1108.**

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.3.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО ВЕЖБОВНАТА АКТИВНОСТ „VIKING 18“, ВО КРАЛСТВО ШВЕДСКА, РЕПУБЛИКА СРБИЈА И РЕПУБЛИКА ИРСКА**

1. За учество во вежбовната активност „VIKING 18“, (во натамошниот текст: вежбовната активност), која ќе се одржи во Кралство Шведска, Република Србија и Република Ирска во периодот од 16-28 април 2018 година, се испраќаат 11 (единаесет) припадници на Армијата на Република Македонија.

2. Финансиските трошоци за транспорт, сместување и исхрана на припадниците на Армијата ги обезбедува Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Република Македонија, а финансиските трошоци за дневниците за службено патување ги обезбедува Министерството за одбрана.

3. Подготовките и организацијата на припадниците на Армијата, ќе ги изврши Министерството за одбрана.

4. По завршувањето на вежбовната активност, Министерството за одбрана поднесува извештај пред Владата на Република Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-2990/1 
27 март 2018 година 
Скопје

Заменик на претседателот 
на Владата на Република 
Македонија, 
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**1109.**

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.3.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО ВЕЖБОВНАТА АКТИВНОСТ „MILEX 18“, ВО КРАЛСТВО ШПАНИЈА**

1. За учество во вежбовната активност „MILEX 18” (во натамошниот текст: вежбовната активност), која ќе се одржи во Кралството Шпанија во периодот од 13-24 април 2018 година, се испраќаат 2 (два) припадника на Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата).

2. Финансиските трошоци за транспорт, сместување, исхрана и дневниците за службено патување на припадниците на Армијата ги обезбедува Министерството за одбрана.

3. Подготовките и организацијата на припадниците на Армијата, ќе ги изврши Министерството за одбрана.

4. По завршувањето на вежбовната активност, Министерството за одбрана поднесува извештај пред Владата на Република Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-2994/1 
27 март 2018 година 
Скопје

Заменик на претседателот 
на Владата на Република 
Македонија, 
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

**1110.**

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.3.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО ВЕЖБОВНАТА АКТИВНОСТ „JWA”, ВО СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА**

1. За учество во вежбовната активност „JWA” (во натамошниот текст: вежбовната активност), која ќе се одржи во Сојузна Република Германија во периодот од 6-26 април 2018 година, се испраќаат 50 (педесет) припадници на Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата).

2. Финансиските трошоци за транспорт, сместување и исхрана на припадниците на Армијата ги обезбедува Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Република Македонија, а дневниците за службено патување ги обезбедува Министерството за одбрана.

3. Подготовките и организацијата на припадниците на Армијата, ќе ги изврши Министерството за одбрана.

4. По завршувањето на вежбовната активност, Министерството за одбрана поднесува извештај пред Владата на Република Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-2997/1
27 март 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**1111.**

Врз основа на член 36 став (6) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.3.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА НАЦИОНАЛНОТО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ СО НЕДИСКРИМИНАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ЗАКОНИТЕ, ПОДЗАКОНСКИТЕ АКТИ И СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ ВО ОВАА ОБЛАСТ**

1. За координатор и членови на Национално координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област се назначуваат:

- Министерство за труд и социјална политика;

Мила Царовска, министер – координатор;

Ѓултен Мустафова-заменик координатор

Светлана Цветковска – член

Елена Грозданова, член

Мабера Камбери – член

Душко Миновски – член

- Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија;

Сеида Џигал, член

- Министерство за правда;

Киро Цветков, член

- Министерство за здравство;

Нермина Факовиќ, член

- Министерство за образование и наука;

Сафет Незири, член

- Министерство за информатичко општество и администрација;

Петар Богучевски, член

- Министерство за транспорт и врски;

Сузана Камческа, член

- Министерство за финансии;

Александра Ивановска, член

- Министерство за внатрешни работи;

Виолета Влаховиќ, член

- Секретаријат за европски прашања;

Христина Конеска Бероска, член

- Агенција за остварување на правата на заедниците;

Ирена Оровчанец, член

- Агенција за вработување на Република Македонија;

Добрина Чабуковска, член

- Агенција за млади и спорт;

Александра Дичевска, член

- Комисија за заштита од дискриминација;

Јован Ананиев, член

- Народен правобранител на Република Македонија;

Маријан Пoњавиќ, член

- Организација на работодавачи на Македонија;

Светлана Ристовска Антиќ, член

- Сојузот на синдикати на Македонија;

Лиле Петрова, член

- Заедницата на единиците на локалната самоуправа;

Арта Абази, член

- Коалицијата „Маргини“;

Драгана Дрндаревска, член

- Хелсиншки Комитет;

Уранија Пирковска, член

- НВО Хера;

Росана Јаневска, член

- Мрежата за недискриминација;

Наташа Бошкова, член

Неда Чаловска, член

- Македонско здружение на млади правници;

Јасна Оровчанец Аранѓеловиќ, член

Александра Цветковска, член

- НВО Полио Плус;

Елена Кочоска, член

- Независен експерт истакнат во областа на човекови права како постојан член

Мирјана Најчевска, член

- Институт за човекови права;

Маргарита Цаца Николовска, член

Вера Коцо, член

- Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите- Месечина;

Мухамед Точи

- НВО Субверзивен Фронт;

Антонио Михајлов.

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-2316/2 Заменик на претседателот
27 март 2018 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**1112.**

Врз основа на член 10 став (7) од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/12, 164/14 и 150/15) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.3.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА ИНТЕР–РЕСОРСКА КОНСУЛТАТИВНА И СОВЕТОДАВНА ГРУПА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ**

1. Во Решението за именување на членови на интер - ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/17), во точка 1 алинејата 22 се менува и гласи:

„-Експерти за родова еднаквост

Мирјана Најчевска-член и

Дијана Стојановиќ Ѓорѓевиќ-член“.

По алинејата 22 се додава нова алинеја 23, која гласи:

„-Работната група за родова еднаквост во спортот-ТАКТ

проф. Ленче Алексовска - Величковска-член“.

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.44-2844/2 Заменик на претседателот
27 март 2018 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1113.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22, став 1, алинеја 16 и член 39 став 1 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16), како и член 31 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), постапувајќи по барањето за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија УП1 бр.12-06/18 од 6.2.2018 година на Друштвото за производство, трговија и услуги БИНЕРГИЈА ДОО експорт-импорт Скопје, на седницата одржана на 28.3.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за производство, трговија и услуги БИНЕРГИЈА ДОО експорт-импорт Скопје, се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од термоелектроцентрала на биомаса “БИНЕРГИЈА”.

2. Носителот на лиценцата од ставот 1 на оваа Одлука ќе ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија од термоелектроцентрала на биомаса лоцирана во Визбегово, општина Бутел.

3. Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија согласно член 39 став 2 од Законот за енергетика и член 32 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности, ќе донесе одлука за влегување во сила на оваа лиценца, откако инвеститорот од ставот 1 на овој член, во рок определен во Одобрението за градење, ќе достави извештај за извршен технички преглед од надзорен инженер со кој овој енергетски објект се става во употреба.

4. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага извршувањето на истата.

5. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 12-06/18
28 март 2018 година Претседател,
Скопје **Димитар Петров,** с.р.

Прилог 1

**Л И Ц Е Н Ц А**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**1. Назив и седиште на носителот на лиценцата**

Друштвото за производство, трговија и услуги БИНЕРГИЈА ДОО експорт-импорт Скопје, со седиште на ул. Лондонска бр.8 Скопје-Карпош

**2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата**
Производство на електрична енергија

**3. Евидентен број на издадената лиценца**
ЕЕ – 319.01.1/18

**4. Единствен матичен број** – 7014295

**5. Единствен даночен број** – 4057015527990

**6. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**
Како енергетска дејност производство на електрична енергија, во смисла на оваа лиценца, се смета производство на електрична енергија што носителот на лиценцата ќе го врши од обновлив извор, во термоелектроцентрала на биомаса, во обем согласно техничките карактеристики на производниот капацитет.

**7. Локација на вршење на енергетската дејност**
Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори ќе ја врши во термоелектроцентрала на биомаса „БИНЕРГИЈА" на КП бр.176/1, КО Визбегово, општина Бутел, Скопје.

**8. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност**
Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија ќе ја врши со производен капацитет со технички карактеристики наведени во Прилог 2 кој е составен дел од оваа лиценца.

**9. Право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија**
Носителот на лиценцата има право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија заради непречено вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со закон, друг пропис и општ акт, како и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија одобрени од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

**10. Права и обврски за носителот на лиценца**
Со оваа лиценца се определуваат начинот и условите за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија, како и правата и обврските Друштвото за производство, трговија и услуги БИНЕРГИЈА ДОО експорт-импорт Скопје, (во понатамошниот текст: носител на лиценцата) и неговото учество на пазарот на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен:

- да обезбеди достапност на договорената енергија и/или системски услуги до точката на прием во преносниот или дистрибутивниот систем, во согласност со лиценцата;
- да работи согласно со законите, другите прописи, како и мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција, правилата за пазар на електрична енергија, и условите определени во лиценцата;
- да доставува извештаи, податоци и информации до операторот на електропреносниот систем или операторот на дистрибутивниот систем, во согласност со мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција;
- да доставува до операторот на пазарот на електрична енергија и до операторот на електропреносниот систем податоци и информации од договорите за продажба на електрична енергија, расположливост на производниот капацитет и/или системски услуги, освен комерцијално-финансиските податоци во согласност со правилата за пазар на електрична енергија;
- да доставува податоци и информации согласно Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари;
- да обезбеди електрична енергија за сопствените потреби од своите капацитети или од отворен пазар; и
- да ги одржува во исправна и функционална состојба, производните капацитети кои се вклучени во процесот на производство на електрична енергија, согласно прописите за ваков вид на постројки.

**11. Обврска за одвоена сметководствена евиденција**
Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца за вршење на енергетска дејност;
- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието; и
- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

**12. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење**
Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за делокругот на своето работење, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година. Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Годишниот извештај содржи податоци особено за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината;

2) комплет годишна сметка составена од: биланс на состојба и биланс на успех, извештај за промените во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со важечката законска регулатива;

3) преземени мерки:

- за заштита на опремата и објектите од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност;

- за заштита при работа;

- за вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба.

4) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година.

**13. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на енергетската дејност**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува известување за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија.

**14. Мерење на произведената електрична енергија и моќност**

Мерење на произведената, односно испорачаната електрична енергија во дистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место во постапка и начин утврден согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

**15. Обврска за овозможување на пристап до производните единици и непосреден увид во документацијата**

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да и овозможи непосреден увид во целокупната документација, како и пристап во објектите, деловните простории, простори, инсталации, како и на средствата и опремата потребни за вршење на енергетската дејност, во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**16. Квалитет на услугата**

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

**17. Изменување и продолжување како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата**

Изменување и продолжување, како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**18. Мерки во случај на неисполнување на обврските од страна на носителот на лиценцата**

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика и Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

Прилог 2

Податоци за термоелектроцентрала на биомаса приклучена на дистрибутивна мрежа согласно Табела 1-VII:

1. име на електрана – БИНЕРГИЈА со планирана моќност до 600,00 kW,
2. топографска карта (мапа) на која е прикажана локацијата на електраната во размер 1:25000 од Агенција за Катастар,
3. локација на електраната на преносната/дистрибутивната мрежа,
4. ситуација на објекти на електраната,
5. еднополна струјна шема (примарна опрема) со легенда,
6. технолошка шема на електрана,
7. податоци за складирање и снабдување со енергетско гориво и други флуиди што се користат во технолошкиот процес,
8. општи податоци:
   - година на почеток на градба - 2017 година,
   - година на завршеток на градба - 2018 година,
   - година на почеток на работа - 2018 година,
   - број на производни единици – 3,
   - номинална моќност на електрана – 600 kW,
   - расположлива моќност - 600 kW,
   - максимална моќност - 600 kW,
   - планирана испорачана количина на електрична енергија на праг на електрана – 4.200.000 kWh,
   - сопствена потрошувачка – 39 kW,
   - основно гориво – биомаса – отпаден дрвен сортимент,
   - специфична потрошувачка на гориво – 1kg/1 kWh.
9. податоци за опрема:
   - број на производни единици – 3,
   - година на пуштање во работа на производна единица – 2018 година,
   - проценет животен век на производна единица – 40 години,
   - тип, производител и номинални податоци за генератор – EN-240 – BUDERUS/BOSCH Германија,
   - тип, производител и номинални податоци за трансформатор – BM 01 1x1000 kVA 10.5-21/0.42 kV CK-Ao – PSelectric Bulgaria.
10. Податоци за основната опрема за сопствена потрошувачка
   - туро вентилатор – 1x7 kW
   - вентилатор – 2x1.1 kW
   - мотор редуктор за транспорт на материјал - 3x1.1 kW
   - контролна електроника и автоматика – 0.5 kW.

**1114.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22, став 1, точка 16 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16 и 189/16) и член 28 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), постапувајќи по барањето за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија УП1 бр.12-10/18 од 27.2.2018 година на МАКСТИЛ Акционерско друштво за производство и трговија со производи за црна металургија Скопје, на седницата одржана на 28.3.2018 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На МАКСТИЛ Акционерско друштво за производство и трговија со производи за црна металургија Скопје, се издава лиценца за вршење на енергетската дејност трговија со електрична енергија.

2. Правата и обврските на носителот на лиценцата за вршење на енергетската дејност трговија со електрична енергија се утврдени во Прилог 1, “Лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија”, кој што е составен дел на оваа Одлука.

3. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 12-10/18
28 март 2018 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

Прилог 1

**Л И Ц Е Н Ц А**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**1. Назив и седиште на носителот на лиценцата**

МАКСТИЛ Акционерско друштво за производство и трговија со производи за црна металургија Скопје

**2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата**

Трговија со електрична енергија

**3. Датум на издавање на лиценцата**

28 март 2018 година

**4. Датум на важење на лиценцата**

28 март 2028 година

**5. Евидентен број на издадената лиценца**

ЕЕ – 320.11.1/18

**6. Единствен матичен број** – 5166250

**7. Единствен даночен број** – 4030997338244

**8. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**

Со оваа лиценца се определуваат условите за вршење на енергетската дејност трговија со електрична енергија.

Како трговија со електрична енергија, во смисла на оваа лиценца се смета купување на електрична енергија од земјата и од странство, заради продажба на други трговци, снабдувачи, операторот на електропреносниот и операторите на дистрибутивните системи како и продажба на купувачи во странство согласно член 81 од Законот за енергетика. Трговецот во својство на снабдувач може да продава електрична енергија и на потрошувачи кои ги исполнуваат условите за самостојно учество на пазарот на електрична енергија, утврдени во Правилата за пазар на електрична енергија.

Трговецот со електрична енергија, во случаите кога врши прекугранични трансакции на електрична енергија која се обврзал да ја испорача на своите купувачи е должен да обезбеди доволен прекуграничен преносен и/или дистрибутивен капацитет и регулирани услуги во согласност со Правилата за пазар на електрична енергија, Мрежните правила за пренос на електрична енергија и Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија како и Правилата за доделување на прекуграничните преносни капацитети.

**9. Опис на условите и начинот на вршење на дејноста**

Енергетската дејност трговија со електрична енергија, носителот на лиценцата ќе ја врши преку склучување на соодветни договори за купување и продажба на електрична енергија и договори за закупување на преносен и/или дистрибутивен капацитет.

**10. Подрачје на кое ќе се врши дејноста**

Енергетската дејност трговија со електрична енергија, носителот на лиценцата може да ја врши на целата територија на Република Македонија и странство.

**11. Општи обврски за носителот на лиценцата**

Носителот на лиценцата е должен да:

- обезбеди непречена и континуирана испорака на електрична енергија согласно купопродажните договори;
- обезбеди доволен преносен или дистрибутивен капацитет и регулирани услуги во случаите кога врши прекугранични трансакции на електрична енергија за своите купувачи, согласно Правилата за пазар на електрична енергија, Мрежните правила за пренос на електрична енергија и Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија како и Правилата за доделување на прекуграничните преносни капацитети;
- работи во согласност со Правилата за пазар на електрична енергија во однос на доверливоста и обемот на снабдување, со цел да се исполнат обврските кон купувачите;

- ги исполни барањата за финансиско обезбедување утврдени со Правилата за пазар на електрична енергија;

- им фактурира на потрошувачите за испорачаната електричната енергија кога е во својство на снабдувач на потрошувачи кои ги исполнуваат условите за самостојно учество на пазарот на електрична енергија, согласно Правилата за пазар на електрична енергија, како и за обезбедениот преносен и дистрибутивен капацитет и регулираните услуги, согласно превземените обврски за потрошувачите кога врши прекугранични трансакции;

- достави во определен рок до операторот на пазарот на електрична енергија информации за количините на електрична енергија и соодветниот временски распоред од сите договори за купопродажба на електрична енргија како и соодветните договори за прекугранични трансакции низ преносната мрежа во согласност со Правилата за пазар на електрична енергија;

- доставува податоци и информации согласно Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари;

- достави во определен рок до Регулаторната комисија за енергетика, по нејзино барање, информации и извештаи за своите трансакции и деловни активности при продажбата на електрична енергија во својство на снабдувач, на потрошувачи кои ги исполнуваат условите за самостојно учество на пазарот на електрична енергија, утврдени во Правилата за пазар на електрична енергија;

- работи во согласност со законите, другите прописи и општи акти на Република Македонија, а особено оние кои се однесуваат на вршење на дејноста трговија со електрична енергија, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа.

**12. Обврска за одвоена сметководствена евиденција**

Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца;

- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието: да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието, како и

- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

**13. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави Годишен извештај за финансиското и деловното работење во врска со вршењето на дејноста во претходната година (извештајна година).

Годишниот извештај задолжително се доставува во електронска форма.

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината;

2) комплет годишна сметка составена од: биланс на состојба и биланс на успех, извештај за промените во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со важечката законска регулатива.

**14. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на дејноста, до Регулаторната комисија за енергетика**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност снабдување со електрична енергија.

**15. Обврска за овозможување на непосреден увид во документацијата**

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика да овозможи непосреден увид во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**16. Менување, продолжување, пренесување, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата**

Менување, продолжување, пренесување, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**17. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика и Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

Службен весник
на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди” бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2018 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

ISSN 0354-1622

2018060